Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

-Сектор за управување со човечки ресурси-

Архивски број: 04-440/7
Датум: 13-02-2025

Врз основа на член 49 став 1 и член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на РСМ“ број 96/19, 110/19 и 121/24) и член 23 став 4 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ“ број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на РСМ“ број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), министерот за финансии донесе

# О Д Л У К А
## за избор на работник по пат на јавен оглас

1. По јавниот оглас број 1/2025 за вработување во Министерството за финансии, објавен во дневните весници „Слободен Печат“ и „Коха“ и на веб страната на Министерството за финансии, за работното место **Самостоен референт за тековно, техничко и функционално одржување на системот за управување со зградата - БМС, Одделение за следење, контрола и одржување на имотот на Министерството за финансии, во Сектор за општи работи – 1 извршител**, од предложената ранг листа се избира следниот кандидат:

- Александар Атанасовски.

2. Избраниот кандидат од точката 1 на оваа одлука ќе заснова работен однос во Министерството за финансии, со потпишување на договор за вработување.

3. При склучување на договорот за вработување, избраниот кандидат е должен да достави доказ за исполнување на условите за вршење на работата.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 25.01.2025 година во дневните весници „Слободен Печат“ и „Коха“ и на веб страната на Министерството за финансии, беше објавен оглас за вработување во Министерството за финансии, во кој како едно од работните места беше објавено и работното место **Самостоен референт за тековно, техничко и функционално одржување на системот за управување со зградата - БМС, Одделение за следење, контрола и одржување на имотот на Министерството за финансии, во Сектор за општи работи– 1 извршител.**

Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

-Сектор за управување со човечки ресурси-

Во врска со наведениот оглас и работното место, Комисијата за селекција, формирана со Решение бр.04-440/4 од 04.02.2025 година, по спроведената постапка за селекција која се состои од административна селекција и интервју, изготви ранг листа на кандидатите за горенаведеното работно место и истата ја достави до министерот за финансии.

Министерот за финансии, за работното место **Самостоен референт за тековно, техничко и функционално одржување на системот за управување со зградата - БМС, Одделение за следење, контрола и одржување на имотот на Министерството за финансии, во Сектор за општи работи– 1 извршител**, во Министерството за финансии, изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

Избраниот кандидат од точката 1 на оваа одлука ќе заснова работен однос во Министерството за финансии со потпишување на договор за вработување.

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидатот;
- Архивата на Министерството.

Министер за финансии
м-р Гордана Димитриеска - Кочоска

Изготвил:Mislime Xhekoviq
Контролирал: Kimet Kurtishi
Одобрил: Верица Стоилова
Лилијана Стојановска
Проверил: Михајло Михајловски
Согласен: д-р Андриана Матлиоска